До Државната комисија за спречување на корупцијата преку контакт формата на web страна на Државната комисија доставено е Барање за мислење.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година и бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година, го издаде следното

**М И С Л Е Њ Е**

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице" се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Согласно член 2 став (1) точка 3 од Законот за вршење на сметководствени работи, Институтот на сметкводители и овластени сметководители на РСМ („Службен весник на РСМ" бр.173/22 и 47/25), Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија е професионално здружение на сметководители и овластени сметководители основано согласно со овој закон.

Согласно член 14 став (1) од истиот закон:
„Сметководителите и овластените сметководители на територијата на Република Северна Македонија се организираат во Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Институтот."
Согласно член 15 став (1) и (4) од истиот закон:

(1) „Органи на Институтот се: Собрание на Институтот, Надзорен одбор, Управен одбор и претседател на Институтот и
(2) „Членовите на органите и членовите на комисиите се избираат од редот на членовите на Институтот, кои не се вработени во Институтот, со право на повторен избор, но не повеќе од два мандата последователно.

Имајќи ја предвид наведената законска одредба, произлегува дека членството во Управниот одбор на Институтот не претставува вршење професионална функција, ниту засновање работен однос во Институтот.

Државната комисија е на став дека во конкретната ситуација не постои законска пречка истовремено да се врши функција член на Управен одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија и функцијата член на Совет на општина.

Исто така, при вршењето на службени должности и јавни овластувања потребно е во предвид да се има Начелото на интегритет:

„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.

(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.

(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**